ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА

АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

ЗА 2021 ГОДИНА



**Кратка содржина**

ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРКАТА НА АКАДЕМИЈАТА ... 3

ПРОФИЛ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ... 4

РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ... 4

- УПРАВЕН ОДБОР ... 4
- ПРОГРАМСКИ СОВЕТ ... 6
- РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРКАТА НА АКАДЕМИЈАТА ... 6
- РАБОТНИ АКТИВНОСТИ НА ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОРОТ ... 12

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ... 13

ПОЧЕТНА ОБУКА ... 13

КОНТИНУИРАНА ОБУКА ... 16

СОРАБОТКА СО ДОМАШНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ... 19

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 20

КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ ... 35

БИБЛИОТЕКА ... 36

Е-БИБЛИОТЕКА ... 37

БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ... 41

СТАТИСТИКИ ... 41

ЕВАЛУАЦИЈА ... 42

ТРАНСАПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ... 45

ДОДАТОК КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТАТ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2021 ГОДИНА ... 46

**Обраќање на директорката на Академијата**

Во 2021 година, гордо одбележуваме 15 години од основањето на Академијата за судии и јавни обвинители, и 15 години професионална правосудна обука. Вложивме многу труд, бевме исправени пред многу предизвици, ги следевме сите актуелности на полето на правото и правосудството и успешно се адаптиравме на новите промени, и можеме аргументирано да констатираме дека успешно прераснуваме во институција што ќе претставува гаранција за независното и професионалното правосудство во Северна Македонија.

Најчесто не беше лесно. Новите методологии, новите теми, новите потреби на правните професионалци беа само дел од многуте предизвици со коишто се среќававме и што ги решаваме во чекор.

Резултатите од досега сработеното говорат за нашиот успех.

Петнаесет години, со посебно внимание ги градевме традиционалните врски со националните институции и се вмрежувавме со регионалните правосудни академии, активно учествуваме во проектите и активностите што се поддржани од Европската унија, од Советот на Европа, од организациите на ОН (УНИЦЕФ, УНХЦР и сл.), од амбасадите на САД, Франција, Германија, Холандија, Шпанија и Турција во нашата земја чија цел е да дадат свој придонес кон успешно заокружување на реформските процеси во земјата.

Досега, откако е воспоставена Академијата, почетната обука ја завршија 130 кандидати, односно  66 судии, 64 јавни обвинители и сите се именувани и ја извршуваат судиската и јавнообвинителската професија. Слушателите од VII генерација ја следат практичната настава, а кон крајот на 2022 година ќе го полагаат завршниот испит.

***15 години дејствување и развој, изгледа доволно долг период, но визионерските погледи кон правосудството што ги носи Академијата, под влијание на современите животни текови пред нас, носат уште многу предизвици на кои треба заеднички да продолжиме да работиме.***

## Профилот на Академијата за судии и јавни обвинители

Академијата за судии и јавни обвинители својата приказна ја започна во 2006 година, со мал тим избрани луѓе, со голема визија за модернизација на правосудниот систем преку високопрофесионалната обука на правните професионалци и со искрена поддршка на меѓународната заедница.

Денес, 15 години подоцна, Академијата е респектабилна институција која има значајна улога во однос на обуката и усовршувањето на постојните знаења и вештини на судиите и јавните обвинители.

Нашата мисија е заснована на унапредувањето и обезбедувањето независно, непристрасно и високопрофесионално правосудство што ќе ги афирмира принципот на владеење на правото и заштитата на човековите права и истите одлучно се спроведуваат до ден-денес.

Како општествено одговорна институција, нашата визија е да дадеме придонес во градењето современи, високопрофесионални, европски профили на судии и јавни обвинители, користејќи модерни методи и наставни техники за усовршување на нивните знаења.

Секако, реализацијата на нашата мисија и визија ќе беше невозможна и нецелосна без поддршката на релевантите домашни институции. Создавањето современ и ефикасен правосуден систем е мотивирачкиот фактор за Академијата, чиј ентузијазам го делат сите правосудни институции во државата.

Истовремено, Академијата континуирано добива силна поддршка од меѓународната заедница, преку големиот број завршени и тековни проекти, што се реализираат во соработка со странските амбасада, но и со странските меѓународни организации.

## Работни активности на органите на Академијата

### Управен одбор

Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат девет члена и нивните заменици. Мандатот на членовите на Управниот одбор и на нивните заменици трае 2 години, со право на уште еден избор. Мандатот на претседателот на Управниот одбор трае  една година, со можност за реизбор. Директорот на Академијата учествува во работата на Управниот одбор, но нема право на глас. И покрај посебните услови што беа воведени поради состојбата со

пандемијата, Управниот одбор на Академијата редовно и навремено ги извршуваше своите обврски во согласност со Законот за Академијата. Во тековната година Управниот одбор одржа 15 седници на коишто се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор.

Во тековната  година, во согласност со своите законски обврски што се предвидени со Законот за Академија, Управниот одбор, на  предлог на Програмскиот совет, утврди Општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2021 и 2022 година, Специјализирана програма за доброволна континуирана обука за 2021 година, Програма за почетна обука (практична настава)  за VII-та генерација слушатели во почетна обука, Каталог на обуки во рамките на задолжителната континуирана обука за судии, јавни обвинители, претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства за периодот од јануари до јули 2021 година и од септември до декември 2021 година, Каталог на обуки во рамките на доброволната континуирана обука за стручните служби во судството и јавното обвинителство за периодот од февруари до јули 2021 година и од септември до декември, и ја дополни листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители. Исто така, по добиените предлог-листи на ментори од страна на Судскиот совет на РСМ и на Советот на јавни обвинители на РСМ, Управниот одбор ја утврди листата на ментори за VII генерација слушатели во почетната обука.

Покрај тоа, Управниот одбор ја ја усвои завршната сметка на Академијата за судии и јавни обвинители за 2020 година, донесе годишен финансиски план на Академијата за судии и јавни обвинители за 2021 година и годишен план за јавни набавки за 2021 година.

По добиената финанска согласност од Министерството за финансии, Управниот одбор донесе одлука за распишување оглас за избор на заменик-директор на Академијата, донесе одлука за формирање на Комисијата за спроведување на постапката за именување на заменик-директор од редот на членовите на Управниот одбор и по доставениот извештај на Комисијата до Управниот одбор, именуваше заменик-директор на Академијата.

Управниот одбор исто така по добивањето на номинациите на членови и заменици-членови на Програмскиот совет од страна на надлежните институции, како и по јавниот повик за избор на член и заменик-член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители од редовните или вонредните професори по правни науки или од истакнати правници со академско звање доктор на науки го конституираше новиот состав на Програмскиот совет на Академијата.

Управниот одбор беше редовно информиран од страна на директорката за сите тековни активности во рамките на дејноста на Академијата, при што разгледуваше повеќе важни прашања за ефикасно функционирање на Академијата и донесуваше заклучоци и одлуки од доменот на својата надлежност.

**Програмски совет**

Програмскиот совет е стручен орган на Академијата, што е составен од седум члена и од нивни заменици што ги назначува Управниот одбор од редовите на судиите, јавните обвинители, раководните државни службеници од Министерството за правда, како и од други истакнати правници од научната и истражувачката правна мисла во областа на правосудството.

Во тековната 2021 година, во согласност со обврските од Законот за Академијата и со подзаконските акти на Академијата, Програмскиот совет редовно одржуваше седници со кои претседаваше директорката на Академијата и ги утврди следниве предлог-програми:  Општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2021 и 2022 година, Специјализирана програма за доброволна континуирана обука за 2021 година, Програма за почетна обука (практична настава)  за VII генерација слушатели во почетна обука. Исто така, Програмскиот совет ги утврди предлог-каталозите на обуки во рамките на задолжителната континуирана обука за судии, јавни обвинители, претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства за периодот од јануари до јули 2021 година и од септември до декември 2021 година, предлог-каталозите нз обуки во рамките на доброволната континуирана обука за стручните служби во судството и во јавното обвинителство за периодот од февруари до јули 2021 година и од септември до декември, и до Управниот одбор достави предлог-листа за дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.

Поради истекот на мандатот на претходниот состав на Програмскиот совет, Управниот одбор го конституираше новиот состав на Програмскиот совет, кој својата прва конститутивна седница ја одржа на 29 јуни 2021 година.

**Работни активности на директорката на Академијата**

Директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска ги одржа следниве работни средби:

- Работен состанок со директорот на Управата за финасии, г. Арафат Муареми, кој беше придружуван од заменик-директорот на Управата, г. Бесир Деари и советникот на директорот, г. Кирил Темелков. Целта на

состанокот беше да се разгледаат можностите за заеднички активности што ќе бидат насочени кон спроведувањето на ефикасна борба против перењето пари и против финансирањето тероризам.

- Работна средба со новоименуваниот амбасадор на Република Франција во Република Северна Македонија, Н.Е. Сирил Бомгартнер. Имено, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ има воспоставено повеќегодишна успешна соработка со Амбасадата на Република Франција во Република Северна Македонија, со чија помош се реализирани низа активности како поддршка во унапредувањето на правосудниот систем на Република Северна Македонија.



- Работна средба беше одржана и со Н.Е. Emilio Lorenzo Serra, амбасадор на Шпанија во Северна Македонија. Работна средба е резултат на заемната иницијатива за продлабочување на соработката помеѓу Академијата и Амбасадата на Шпанија во Северна Македонија во областа на правосудството, како и за воспоставување потесна соработка со Правосудната школа на Шпанија и со Центарот за правни студии на Шпанија.

- На средината на 2021 година, беше одржан работен состанок со новиот полициски аташе на ICITAP при Амбасадата на САД, г. Карл Рејшам, во насока на интензивирање на соработката и реализација на нови заеднички активности.



- Во рамките на проектот „Зајакнување на капцитетите на институциите во борба против корупцијата", кој се реализира во соработка со УСАИД, со Транспаренси интернешнл – Македонија и со ДКСК, беа реализирани низа обуки посветени на корупцијата, на финансиските истраги, на конфискацијата на имот итн., на кои директорката на Академијата имаше свои излагања.

- Во јули 2021 година, беше одржан работен состанок со г. Марк Ремилар, програмски менаџер во ДЦАФ. Работниот состанок е дел од активностите што се реализираат во рамките на соработката помеѓу Академијата и ДЦАФ во Програмата за реформи во разузнавачкиот и во безбедносниот сектор во Северна Македонија. На состанокот се разговараше за продолжување на соработката помеѓу Академијата и ДЦАФ, како и за идните заеднички активности. На 22 октомври 2021 година во Охрид, Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на соработката со ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, започна со реализација на серија интерактивни работилници на тема „Спроведување на мерките за следење на комуникациите". Со поздравно обраќање, настанот го отвори директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска.

- На крајот на јули 2021 година во просториите на Академијата се одржа работна средба и со заменик-амбасадорот на Кралството Холандија во Северна Македонија, Н.Е. Роберт Декер. Кралството Холандија е голем поддржувач на работата на Академијата и во рамките на оваа средба беа разгледани можностите за идни заеднички активности фокусирани на актуелни теми од областа на правото и на усогласувањето на националното законодавство со европската легислатива, особено во областа на медијацијата.



- Во октомври 2021 година, се одржа работна средба со г. Чезаре Питеа, Програмски менаџер на JUFREX и со претставници на Советот на Европа. Имено, заедничката програма на Европската унија/Советот на Европа – „Слободата на изразување и слободата на медумите на Југоисточна Европа“ (JUFREX) и Академијата имаат повеќегодишна успешна соработка во реализацијата на низа проектни активности што се однесуваат на слободата на изразување и на медумите. На работната средба се разговараше за резултатите од досегашните активности, како и за продлабочување на соработката со реализација на идни заеднички едукативни настани од областа на слободата на изразување и слободата на медиумите со фокус на новинарите и на етичките стандарди што ги наметнува оваа професија.



- Директорката учествуваше и на двата состанока на Европската мрежа на правосудна обука EJTN во Солун, од кои, едниот беше наменет за националните контакт-точки и истиот се одржа на 13 октомври 2021 година, додека вториот состанок се реализираше во текот на два дена (14 и 15 октомври 2021 година). На состанокот на националните контакт-точки на EJTN беа презентирани сите активности што се однесуваат на програмите, на лингвистиката и на методите за правосудна обука од страна на работната група. Потоа следеше и преглед на алатките на EJTN како што се: водичите за работните групи, календарот на активности на EJTN, правилата за THEMIS и водичот за THEMIS што е наменет за судиите и јавните обвинители, онлајн системот за регистрација на учество на настаните

организирани од EJTH (OSP), базата на податоци на методологии и извори и сите останати можности што се нудат во рамките на EJTH.




- На 17 ноември 2021 година во рамките на Светскиот конгрес за правда за децата, Програмата ХЕЛП на Советот на Европа организираше бесплатен онлајн настан за правата на децата. Светскиот конгрес беше во организација на Глобалната иницијатива за правда за децата. Глобалната иницијатива ја предводи конзорциум од интернационални организации како што се: Terres des hommes, Penal Reform International, International Association of Youth, Family Judges and Magistrates (AYFJM) и International Institute for the Rights of the Child (IDE). Регионалната сесија за Европа во рамките на Светскиот конгрес за правда за децата се одржа на 17 ноември 2021 година. На оваа сесија, со свое излагање поврзано со темата учествуваше и директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска. Тука, од особено значење е да се спомене позитивниот пример којшто го даде директорката на Академијата, во однос на вклучувањето на ХЕЛП-програмата во почетната обука, заради збогатување на знаењата на слушателите на различни теми, меѓу кои и темата за правда за децата и јуриспруденцијата на ЕСЧП. Исто така, благодарејќи на Академијата е забележан зголемен број учесници во оваа програма.
  На 6 декември 2021 година, Академијата за судии и јавни обвинители во соработка и со финансиска поддршка на Советот на Европа, реализираше еднодневна обука посветена на член 5 од Европската конвенција за човекови права, кој се однесува на законитоста на притворот и на обезбедувањето на процесните гаранции за притворени лица. Обуката, со поздравно обраќање ја отвори директорката на Академијата.

- Академијата за судии и јавни обвинители на 14 декември 2021 година, во соработка со Регионалниот совет за соработка (РСС), го реализираше 5-тиот состанок на Мрежата на институции за правосудна обука на Југоисточна Европа и на истиот свое излагање имаше диреката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска.




- На 16 декември 2021 година, во хотел Александар Палас, на тркалезната маса што ја организираше Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Скопје и ИОМ, која беше посветена на заштитата на децата странци во миграциски движења низ Република Северна Македонија, се обрати и директорката на Академијата.

- На 17 декември 2021 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, директорката оствари работна средба со новоименуваниот амбасадор на Шпанија во Северна Македонија, H.E. Jose Luis Garcia Lozano. Работната средба се одржа на иницијатива на амбасадорот на Шпанија. Тој изрази желба да се запознае со работата и организацијата на Академијата и со нејзината улога во правосудниот систем на Северна Македонија.



Директорката на Академијата дава свој придонес во реализација на низа активности и преку своето учество во повеќе работни групи како:

- Член на работната група за изготвување на Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, 2020/2021, Министерство за правда на РСМ.
- Член на работната група за дигитализација на правосудството, 2021 година, Министерство за правда на РСМ.
- Член на работната група за изготвување на Закон за медијација, 2020 година, Министерство за правда на РСМ.
- Член на Националниот управен одбор за реализција на активностите во рамките на Проектот Horizontal Facility за Западен Балкан и Туција 2019-2022 година.
- Член на Националниот управниот одбор на EU-TWINING-проектот за јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри, 2021 година;
- Член на Националниот управен одбор на ЕУ Проектот „Just(ice) Children-EU for Juvenile and Child-Friendly Justice“ што го имплементира UNICEF, 2020 година;
- Член на Работната група за лингвистика при Европската мрежа за правосудна обука (EJTN), 2020 година.

**<u>Работни активности на заменик-директорот на Академијата</u>**

На крајот од јануари 2021 година, Управниот одобр на Академијата донесе одлука за распишување јавен оглас за заменик-директор на Академијата. На 19 април 2021 година судијата Илир Исени, стапи на својата функција заменик-директорот на Академијата. Заменик-директорот во тековната година одржа низа работни средби и состаноци од кои како позначајни ги издвојуваме следниве:



- На 9 декември 2021 година заменик-директорот како дел од делегацијата на Република Северна Македонија, учествуваше на работниот состанок со делегацијата на Европскиот суд за човекови права, предводена од претседателот на ЕСЧП г. Роберт Спано;
- На 2 ноември 2021 година, имаше свое излагање на работилницата „Judicial Workshop Series – Workshop #1: Strengthening Communication Skills for Judges in Deadline with the Media and the Public“, која се одржа на 29 и 30

октомври 2021 година со физичко присуство во Vila Grabovka, Прага, Република Чешка, како и онлјан преку платформата ZOOM. Конференцијата ја организираше CEELI Institute Prague;

- Заменик-директорот оствари посета на Агенцијата за примена на јазикот, на покана на г. Илбер Села, директорот на оваа институција.



-

**<u>Човечки ресурси</u>**

Во јануари 2021 година беа реализирани две нови вработувања на неопределено време: возач и самостоен референт за информатички работи. Воедно, беа спроведени и четири унапредувања на вработените.

Како резултат на светската здравствена пандемија, вработените имаа можност да следат соодветни онлајн обуки што беа понудени од страна на релеванти институции.

## <u>ПОЧЕТНА ОБУКА</u>

Водени од приоритетите на Северна Македонија за унапредување на квалитетот на правосудството што е засновано на меѓународно признаените демократски принципи, со основањето на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, првпат во Северна Македонија, но и првпат во регионот, беше етаблирана почетна обука со воведување строги и објективни процедури за селекција при приемот во Академијата на слушатели кои во иднина достоинствено и етички, независно и професионално, ќе ги извршуваат судската и јавнообвинителската функција.

Нашата цел е да ги одбереме најдобрите од најдобрите, поради што нашите програми постојано се усогласуваат со потребите на нашите слушатели, притоа следејќи ги сите поважни случувања во правната област.

Во тековната 2021 година Академијата интензивно работеше на реализација на приемниот испит за VIII генерација слушатели, додека паралелно се одвиваше теоретската и практичната настава за слушателите од VII генерација.

Во рамките на теоретската настава беа реализирани вкупно 1050 часови, низ три модули. По завршувањето на теоретската настава, на 20 септември 2021 за слушателите на почетната обука започна спроведувањето на практичната настава која се реализираше во согласност со Правилникот за почетна обука, со Програмата за практична настава и со Распоредот за спроведување на практичната настава.

***За реализација на програмите за почетна обука беа ангажирани 110 предавачи и 594 ментори, кои со својата посветената работа и со својот личен придонес овозможија слушателите успешно да ги усвојат содржините од програмите.***

Комисијата за приемен испит при Академијата за судии и јавни обвинители во тековната година продолжи со интензивна работа за прием на 97 слушатели во почетна обука за VIII генерација. Па така, на почетокот на годината, по прием на 168 приговори против резултатите од квалификацискиот тест, Комисијата за приемен испит уважи 119, додека 49 приговори беа одбиени како неосновани. Кандидатите за прием во почетна обука вложија вкупно 91 жалба против Решенијата на Комисијата за приемен испит до Управниот одбор на Академијата, кој во целост уважи 1 жалба, делумно уважи 13 жалби, а 77 жалби одби како неосновани.

Следната фаза од приемниот испит беше психолошкиот тест, што се полагаше на 27 и 28 февруари, и во дополнителен термин на 14 март за кандидатите што се наоѓаа во изолација поради Коронавирусот. Од вкупно 330 кандидати коишто имаа право да го полагаат психолошкиот тест, полагаа 303 кандидати, а 27 кандидати не се појавија на тестирањето. Од кандидатите кои го полагаа психолошкиот тест, 290 кандидати добија оцена „задоволува“, односно го положија тестот, додека 13 кандидати беа оценети со „не задоволува“ со што не го положија психолошкиот тест.

Тестот за интегритет се полагаше на 27 и 28 март 2021 година, а и на 10 април 2021 година за кандидатите што се наоѓаа во изолација поради Коронавирусот. Од 290 кандидати коишто со положување на психолошкиот тест се стекнаа со право да го полагаат тестот за интегритет, полагаа 279 кандидати, а положија 263 (од кои 205 кандидати добија оценка „задоволува“ и 58 кандидати

добија оценка „делумно задоволува“, додека 16 кандидати добија оценка „не задоволува“ и не стекнаа право да го полагаат испитот).

По овие селективни фази, следеше писмениот и усниот дел од испитот. Практичниот дел од испитот се полагаше во периодот од 30 мај до 2 јуни 2021 година, додека усниот дел од испитот се полагаше од 5 до 14 јуни 2021 година. Од 263 кандидати коишто имаа право да го полагаат писмениот дел од испитот, 251 кандидат го полагаше писмениот дел од испитот, а 12 кандидати воопшто не се појавија на писмениот дел, додека усниот дел го полагаа 229 кандидати, а 19 кандидати не се појавија на усното полагање, а 3 кандидати се откажаа на самиот испит.

По завршувањето на полагањето на испитот, Комисијата за приемен испит на 14 јуни 2021 година ја објави прелиминарната ранг-листа од испитот број 08-443/4 од 14.8.2021 година. Во согласност со член 88 од Законот за Академијата, до Комисијата за приемен испит беа поднесени 104 приговори против прелиминарната ранг-листа , од кои Комисијата целосно уважи 6 приговори, 18 приговори уважи делумно, додека останатите 80 приговори ги одби како неосновани. Против Решенијата на Комисијата за приемен испит до Управниот одбор беа доставени 56 жалби, а Управниот одбор делумно уважи 2 жалби, а останатите 54 жалби ги одби како неосновани.

По завршување на постапката за приговори и жалби до Комисијата за приемен испит и до Управниот одбор на Академијата, Комисијата на својата 64 седница, одржана на 27.7.2021 изврши увид и проверка на бодирањето и на вкупно освоените бодови, со што ја утврди прелиминарна листа од квалификацискиот тест и од испитот (писмен и устен дел) број 08-508/3, а во интерес на транспаретноста ги објави и прелимарните ранг-листи според освоените бодови во досегашната фаза, по заедници и тоа за Македонци, Албанци и за останатите заедници.

По приемот на Решенијата на Управниот одбор на Академијата, во согласност со член 88 од Законот за Академија, кандидатите имаа право да вложат тужби против Решенијата до Управниот суд на РСМ. Кандидатите до Управниот суд на РСМ вложија вкупно 46 тужби против Решенијата на Управниот одбор на Академијата, додека по Пресудите на Управниот суд беа вложени 19 жалби до Вишиот управен суд.

Во однос на распоредот на местата на слушателите во почетна обука по заедници, Управниот одбор на 19.7.2021 годин, во согласност со член 9 и член 13 алинеја 21 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители и во согласност со член од 42а од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел

Шатев“ донесе одлука за утврдување посебни квоти за припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија. Па така, земајќи ги предвид официјалните податоци добиени од Државниот завод за статистика, за процентуалната застапеност на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, во согласност со последниот попис на населението, од вкупниот огласен број за 97 слушатели на почетна обука, од кои покрај 62 слушатели Македонци, се определија: 24 слушатели од албанската етничка заедница; 4 слушатели од турската етничка заедница; 3 слушатели од ромската национална заедница; 2 слушатели од српската етничка заедница; 1 слушател од влашката етничка заедница и 1 слушател од бошњачката етничка заедница. Притоа, во согласност со член 42а став 5 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители, доколу во определените квоти не се јават доволен број кандидати што ги исполнуваат законските услови или не го положиле приемниот испит, слободните места се пополнуваат од останатите кандидати што ги исполнуваат условите според рангирањето на нивната завршна оценка, односно според успехот од конечната ранг-листа.

На 28 октомври 2021 година Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на соработката со ОПДАТ при Амбасадата на САД во Скопје реализираше онлајн работилница на тема: „Воведни зборови“ наменета за слушателите од VII генерација во почетната обука на Академијата. Презентација на темата имаше г. Кол Радович, правен советник во Амбасадата на САД во Скопје.

На оваа работилница слушателите од почетната обука на Академијата имаа можност да разменат мислења во однос на воведните зборови коишто се многу значајни и со кои започнува главната расправа. Господинот Родович детално ги објасни целите и што е тоа на што треба да се фокусираат идните судии и јавни обвинители, но исто така на слушателите им понуди позитивни и негативни примери за минимизирање на грешките во нивната секојдневна работа.

## КОНТИНУРАНА ОБУКА

Стремежот да се одговори на новите правни предизвици што произлегуваа од реформскиот процес и од хармонизацијата на националното законодавство со легислативата на ЕУ и со меѓународните стандарди, придонесе за постојано унапредување на знаењата и вештините на правните практичари во земјата, па оттука, во рамките на Програмата за континуирана обука, Академијата спроведе 214 обуки на кои се обучија 4 924 учесници за чија реализација беа ангажирани 223 едукатори од кои 168 домашни едукатори (46 судии, 20 јавни обвинители, 6 предавачи од редот на стручната служба и 96 претставници на институции) и 58 странски едукатори.

Во тековната година, се реализирани низа едукативни настани посветени на актуелни правни теми како што се: Новиот закон за заштита на личните податоци што е наменет за офицерите за заштита на личните податоци; Новиот закон за јавното обвинителство со кој се опфатени членовите на Советот на јавните обвинители и јавните обвинители на јавните обвинителства.

Во април 2021 година беше реализирана и обука на тема „Запознавање со најновите документи на Европската комисија за ефикасност на правдата", на која учествуваа јавните обвинители на јавните обвинителства во РСМ, претседатели на судови и членови на Советот на јавните обвинители како и членови на Судскиот совет.

За судиите и за стручните соработници од граѓанските оддели од сите инстанции беше организирано советување на тема: „Одговорност на државата за надомест на штета". За судиите на граѓанските оддели беше реализирана обука на тема: „Определување на надомест на експропиран имот, како и советување на тема: „Стекнување на правото на сопственост по основ на градба". Во согласност со Каталогот за задолжителна континурана обука за 2021 година, за судиите од граѓанските оддели Академијата реализираше и советување на тема: „Правното дејство на договорите со осврт на привидните и фиктивни договори". Исто така беше организирано и советување на тема: „Посебни ограничувања на правото на сопственост – видови на тужби". Измените на законот за парнична постапка за 2021 година претставуваа навистина важна тема, со оглед на фактот дека со овие измени конечно почна реализицијата на еден од приоритетите на Владата во делот на реформите на правосудството, а тоа е дигитализација и судење на далечина. Академијата за таа цел, а за навремена подготовка на судиите за негова примена, организираше работилница на тема: „Измена на Законот за парнична постапка во однос на дигитализацијата и на судењата на далечина". Воедно, во согласност со каталогот за задолжителна континурана обука беше реализирана и онлајн обука посветена на темата: „Граѓанските спорови што произлегуваат од Законот за заштита од дискриминација".

Во согласност со предивдените активности, а во насока на доближување на праксата на Европскиот суд за човекови права и за ефикасна имплементација на ЕКЧП, Академијата организираше обука посветена на член 4 од протоколот 7 на ЕКЧП (забрана на двојно судење - начело на *ne bis in idem*), на кое учествуваа судии од кривичните оддели и јавни обвинители од сите апелациони подрачја. На почетокот на 2021 година Академијата реализираше и советување на тема: „Еднаквост на оружјата во сите фази на кривичната постапка", на кое исто така учествуваа судиите и јавните обвинители од сите апелациони подрачја. Во 2021 година посебно се актуелизираше една тема која постојано привлекува внимание

и интерес кај правните практичари, а Академијата го предвиде тоа во својот Каталог на обуки и реализираше советување на тема: „Конфискација на имот и одземање предмети, постапувањето со одземен имот по правосилни кривични и прекршочни пресуди".

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" организираше онлјан советување на тема „Кривична одговорност за лекарска грешка". Советувањето беше наменето за судии од кривични оддели, за јавните обвинители и за стручните соработници од сите апелациони подрачја. Академијата реализираше и обука на тема: „Вршење достава" со која беа опфатени доставувачи од сите апелциони подрачја".

На почетокот на 2021 година Академијата организираше серија советувања посветени на темата: „Изготвување завршна сметка за 2020 година", со која беа опфатени сите судски службеници што се вклучени во изготување завршни сметки.

Во тековната 2021 година Академијата организираше обуки наменети само за судските и за јавнообвинителските службеници на следниве теми: „Јавни набавки – подготовка на тендерска документација и технички спецификации на предметот на набавката" и „Етика и етички кодекс". Со овие обуки беа опфатени вкупно 70 учесници.

Во согласност со законот за судови, Академијата спроведе и 9 дводневни специјализрани обуки за новоизбраните судии поротници, кои по завршувањето на обуката добија и потврда за завршена обука. Во рамките на обуките учествуваа вкупно 298 судии поротници.

Сумирано, по правни области, беа реализирани:

- 31 обука од областа на граѓанското право
- 96 обуки од областа на кривичното право
- 8 обуки и за граѓанската и кривичната област
- 2 обуки за прекршочната област
- 10 обуки посветени на трговското право
- 7 обуки за управното судство
- 38 обуки посветени на општи теми
- 22 специјализирани обуки

На судиите, обвинителите и на државните службеници од Министерството за правда кои вршат работи од областа на правосудството, во согласност со Законот за Академија, за бројот на часови поминати на постојано стручно усовршување, им се издаваат потврди и истите Академијата ги доставува до Судскиот совет на РСМ,

до Советот на јавни обвинители на РСМ и до министерот за правда. Истовремено, Академијата ги признава и часовите што се поминати на обука која е организирана во соработка со други организатори, а доколку е однапред договорена помеѓу односните субјекти.

## СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ

Поддршката од националните правосудни институции ја истканува вредноста и ја зацврстува улогата на Академијата во правосудниот систем на Северна Македонија. Заложбите и целите се заеднички, бидејќи владеењето на правото претставува столб на едно демократско општество. За да ги реализира успешно своите активности, Академијата во тековната 2021 година соработуваше со:

**Секретаријатот за европски прашања на Северна Македонија**

Академијата во соработка со Секретаријатот за европски прашања на Северна Македонија во согласност со актуелностите на европската сцена во правната област, реализира обука на тема „Политиките за индустриска сопственост“ на која учествуваа судии од граѓанските оддели кои постапуваат по предмети од оваа област.

**Здружението на судиите на Република Северна Македонија**

На почетокот на 2021 година, Академијата за судии и јавни обвинители и судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија го потпишаа меморандумот за соработка со кој беа предвидени активности во насока на промоција на Судско-медиумскиот совет и на унапредување на соработката во областа на судската транспарентност и на континуираната обука на судиите и јавните обвинители. Во рамките на овој меморандум е предвидена оргагнизација на заедничи активности, обуки, семинари и на друг вид едукативни настани.

**Институтот за европски политики - ЕПИ**

Заради промоција и заради зголемената употреба на медијацијата во земјава, Институтот за европска политика, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев”, Комората на медијатори на Република Северна Македонија и Холандската федерација на медијатори потпишаа меморандум за соработка.

Меморандумот за соработка се однесува на имплементацијата на проектот „Медијација, без дилема!“, кој е финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Во рамките на овој проект, во 2021 година беше одржана тридневна обука, посветена на ресторативната правда за децата. Се одржа и годишна конференција „Медијација – нова култура во решавање на споровите“. Предвидени се и обуки за обучувачи каде што националните професионалци ќе имаат можност да ги слушнат искуствата на експертите од Холандија, а потоа истите да ги споделат со своите колеги. На 3 ноември 2021 година беше организнран и настан за одбележување на Европскиот ден за граѓанската правда, чија цел е доближување на правосудството и пристапот до правдата кон граѓаните, за да се запознаат подобро со своите права како и со начинот на нивното остварување и заштита.

**НВО Зелена лупа**

Академијата активно и успешно соработува со Невладините организации во нашата држава. Во тековната 2021 година во соработка со НВО „Зелена лупа“ беше организирана обука посветена на законот за пробација на која учествуваа судии и јавни и обвинители од апелационото подрачје Штип.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Академијата несомнено се изгради и се одржа како витална институција во рамките на правосудството на Северна Македонија, која успеа на едно место да ги обедини судиите, јавните обвинители и другите субјекти од правосудството не само од Република Македонија, туку и од голем број земји од регионот и Европа. Успеа широко да ги отвори вратите на меѓународната сцена како за постојните судии и јавни обвинители така и за кандидатите од почетна обука за кои оваа можност е од извонредно значење во нивната изградба како судии и јавни обвинители способни за примена на европските и на меѓународните прописи, стандарди и пракса.

Поддршката на меѓународните партнери во реализацијата на активностите на Академијата со кои директно се влијае на унапредувањето на ефикасноста на правосудниот систем на Северна Македонија е од клучно значење. Во изминатите 15 години Академијата воспостави успешна меѓународна соработка со многу значајни и стратешки партнери, амбасади и т.н. Истовремено, Академијата во континуитет ја негуваше и соработката со регионалните правосудни академии, при што најактивна беше соработката со Правосудната академија на Србија со која дел од вработените на двете институции одржаа повеќе средби на кои разменија искуства во однос на начинот на којшто функционираат институциите, а беа понудени и позитивни

решенија за унапредување на работата на Академиите. Воедно, во соработка со правосудната академија на Турција беше организирана и обука посветена на компјутерскиот криминал.

Во 2021 година како позначајни ги издвојуваме следниве меѓународни соработки:

## АМБАСАДА НА САД

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка со Министерството за правда на Република Северна Македонија и со Амбасадата на САД во Скопје реализираа работилница на тема: „Измените на Законот за парничната постапка во однос на дигитализацијата и судењата на далечина"", настан што беше во рамките на отпочнување на процесот за дигитализација на судството во Северна Македонија. Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Програмата ОПДАТ при Амбасада на САД во Скопје и со Министерството за правда на Северна Македонија организира и две обуки на тема: „Користење на електронски докази во предмети од транснационален организиран криминал".

### Програма ОПДАТ

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка и со финансиска поддршка на Програмата ОПДАТ при Амбасада на САД во Скопје организираше низа онлајн работилници на тема:

- Спогодување за вина;
- Користење електронски докази во предмети од транснационален организиран криминал, на која во улога на говорници покрај националните излагачи учествуваа и федерални обвинители од САД;
- Електронски докази – техники на изготвување наредби за вештачење на електронски уреди, на која во улога на говорници покрај националните излагачи учествуваа и федерални обвинители од САД;
- Пустошење шума и организиран криминал, на која во улога на говорници покрај националните излагачи учествуваа и федерални обвинители од САД;
- Етика за судии и јавни обвинители, наменета за кандидатите за судии и јавни обвинители од V и VI генерација кои ја завршија почетната обука во Академијата;
- Кривичен прогон на дела против животната средина – загадување на водата.

На 29 април, 12 мај и 20 мај се одржа регионален настан на тема „Даночни измами“ – анализа на нето-вредност, перење пари и конфискација на имот, анализа на даночни и ДДВ измами, организиран од страна на Програмата ОПДАТ и на Министерството за правда на Хрватска. Во рамките на оваа соработка на 17 јуни се одржа обука на тема „Судска ефикасност“ – континуирани судења и најдобри практики за решавање на судските одложувања.

Академијата во соработка со Програмата ОПДАТ и со Правосудната академија на Хрватска организираше онлајн регионален настан на тема „Криптовалути“ и обука на тема „Електронски докази“. Во рамките на оваа соработка беше организиран и регионален настан на тема „Компјутерски криминал и дигитални докази“.

Во рамките на програмата на ОПДАТ се реализираше и регионалниот симпозиум посветен на случаите на теориразам, на којшто учествуваа судиите и јавните обвинители од нашата држава и имаа можност да ги споделат своите искуства во однос на темата со присутните претставници на земјите од Регионот.

Во јуни беше организирана и обука на обучувачи за дизајнирање ефективни обуки и презентациски вештини што беше наменета за сите предавачи на Академијата, а посебно за оние што не поминале слична обука. Исто така, како дел од оваа соработка во јули пред судиите и јавните обвинители и претставници на Министерството за правда беа презентирани правните анализи за ефикасноста на судењето во разумен рок како правно средство и користењето на спогодувањето за кривична санкција во Северна Македонија.

Кон крајот на септември 2021 година Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на соработката со Амбасадата на САД во Северна Македонија, на онлајн платформата на Академијата, го објави курсот со наслов: „Права на жртвите во кривична постапка низ праксата на ЕСЧП“. Овој онлајн курс беше организиран од Министерството за правда на САД преку Канцеларијата за развој, помош и обука на обвинители (ОПДАТ)/Амбасада на САД во Скопје. Содржината на овој курс се фокусираше на обврските на правосудните органи по член 3,6 и 8 од ЕКЧП, и како ЕСЧП цени дали тие обврски се исполнети, и на конкретни предмети од праксата на ЕСЧП.

## <u>ICITAP</u>

Во рамките на соработката помеѓу Академијата и Одделот за правда на САД преку ICITAP - Меѓународна програма за помош при обука за кривични истраги на САД беше организирана една обука на обучувачи и повеќе настани на следниве теми: „Искористување на децата и кршење на правата“, „Компјутерски криминал“,

„Транснационални криминални организации“, „Прикриени операции“, „Обука на обучувачи“, „Судска ефикасност“, „Континуирани судења и најдобри практики за решавање на судските одложувања“.

**Проект: „Јакнење на капацитетите на институциите во борбата против корупцијата“ на УСАИД И ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ**

Поддршката на УСАИД во развојот на едукативните настани што имаат значење за унапредување на правосудството во Северна Македонија, била секогаш присутна. Академијата како една од клучните институции во правосудниот систем секогаш партиципирала во проектните активности на УСАИД. Во 2021 година започна реализацијата на проектот „Јакнење на капацитетите на институциите во борба против корупцијата“, којшто го имплементира Транспаренси интернешнл – Македонија, а во кој е вклучена и Академијата. Во рамките на овој проект реализирани се следниве едукативни настани:

- Значењето на ревизорските извештаи во борбата против корупцијата
- Добрите практики на анализа на ревизорски извештаи и улогата во доброто управување и во борбата против корупцијата
- Судир на интереси и Закон за заштита на укажувачи
- Зајакнување на правосудниот систем во борбата против корупцијата и конфискација на имот
- Случаи на корупција и преземени мерки од страна на ДКСК и правосудството
- Финансирање политички партии и финансирање политички кампањи

Во јуни беше одржан завршниот настан на тема „Соработка помеѓу институциите во борбата против корупцијата – научени лекции и унапредување на соработката“.

**УНХЦР**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Скопје и Министерството за внатрешни работи – Оддел за гранични работи и миграции, организираа тркалезна маса на тема: „Пристап до азил, принципот на неказнување и ограничување на слободата на движење на баратели на азил“, на која учествуваа судиите од Вишиот управен суд и од Управниот суд, како и претставници од Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија кои работат на оваа материја. На почетокот на годината, во рамките на оваа соработка за судиите од Вишиот управен суд и од Управниот суд беше реализирана програмата за изучување на основите на имиграциското задржување. Академијата за судии и јавни обвинители „Павел

Шатев“ во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Скопје и ИОМ организираа тркалезна маса за заштита на децата странци во миграциски движења низ Република Северна Македонија, која се одржа на 16 декември 2021 година во хотел Александар Палас, Скопје. Тркалезната маса беше наменета за судии и јавни обвинители кои работат на кривични и на други случаи со непридружувани деца странци по миграциската рута. Воедно, на настанот присуствуваа и претставници на централната и на регионална гранична полиција, социјални работници, претставници од секторот за азил, народен правобранител, невладини организации и претставници од УНХЦР, УНИЦЕФ и ИОМ.

**УНИЦЕФ**

Академијата за судии и јавни обвинители, во 2021 година, ја продолжи соработката со УНИЦЕФ којшто пак, во соработка со Владата, институциите, граѓанското општество и со Европската Унија осмисли двегодишна акција во рамките на една поширока реформа на системот за владеење на правото во државата, за да ја поддржи Владата во воспоставувањето на правосуден систем по мерка на децата, насочен кон остварувањето на најдобриот интерес на детето без оглед дали детето е во судир со законот или е во контакт со правосудниот систем како жртва или сведок. Овој процес на зајакнување ќе се реализира преку организирање обука за обучувачи за правда за деца и со организирање обуки за професионалци, што ќе бидат спроведувани од страна на обучените тренери. А со истиот процес, покрај Академијата се опфатени и претставници на Адвокатска комора, Комората на медијатори, Управата за извршување на санкции, Заводот за социјални дејности и Центарот за обука на МВР. На почетокот на ноември 2021 година во рамките на оваа соработка беше одржан консултативен состанок, а веќе во периодот од 15 до 17.11. 2021 година беше организирана и првата обука на обучувачи во која беа вклучени судии и јавни обвинители. Обучувачите кои ја поминаа оваа обука, во првиот квартал на 2022 година ќе одржат обука за своите колеги и ќе ги пренесат усвоените знаења.

**Канцеларија за демократски институции и човекови права ОДИХР**

Академијата за судии и јавни обвинители во согласност со Меморандумот за соработка помеѓу Јавното обвинителство на Северна Македонија и Мисијата на ОБСЕ преку Канцеларијата на демократски институции и човекови права ОДИХР, во 2021 година одржаа две онлајн обуки на тема: „Криминал од омраза“. На двете обуки присуствуваа вкупно 38 учесници од сите апелациони подрачја.

## ЕВРОПСКА УНИЈА / СОВЕТ НА ЕВРОПА

### EU-TWINING проект – Јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри

Во текот на 2021 година беа предвидени повеќе активности во рамките на EU-TWINING проектот – Јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри, што се спроведува во соработка со Германска фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ), со Сојузна Република Германија, со Министерство за правда на Република Хрватска, со Јавното обвинителство на РСМ, со Министерството за внатрешни работи, со Управата за финансиска полиција и со Царинската управа на РСМ.

Во рамките на првата компонента беа подготвени работни планови, стандардни оперативни процедури и подзаконски акти за спроведување на заеднички истражни активности – проценка на натамошните потреби и беа одржани повеќе состаноци на Управниот одбор на проектот. Во рамките на втората компонента од овој проект која се однесува на подобрување на капацитетите на истражителите, јавните обвинители, соработниците и други релевантни чинители, беа реализирани пет мултидисциплинарни и специјализирани обуки на кои учествуваа вкупно 48 јавни обвинители, експерти, истражители и претставници од други релевантни институции. Како дел од предвидените активности беа одржани: две обуки за финансиски истраги и истражни мерки со учество на вкупно 17 јавни обвинители и истражители; две обуки за кривични дела поврзани со јавни набавки, со меѓународни трансакции, со готовински тек на интернет, со начини на царинење, со перење пари, на кои учествуваа вкупно 14 истражители; четири обуки за привремено обезбедување и одземање на средства и имот на кои учествуваа вкупно 47 учесници; една обука на тема меѓународна правна помош и соработка, на која учествуваа вкупно 11 јавни обвинители и истражители.

### ЕУ „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ – ИПА 2020

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ е дел од поголемата акциска програма опфатена во акцискиот документ ИПА II 2020 Северна Македонија „ЕУ за владеење на правото“. Проектот има цел да го поддржи владеењето на правото во согласност со европските и со меѓународните стандарди. Проектот е поделен на четири компоненти кои се меѓусебно поврзани. Компонентите понатаму се дефинираат преку резултатите и активностите што Проектот има цел да ги постигне. Академијата е опфатена со првата компонента: „Зајакнување на

капацитетите на институциите на правдата  за да се донесе правда на транспарентен и одговорен начин“.

Имено, Академијата за судии и јавни обвинители игра клучна улога во однос на одржувањето на квалитетот на работата на судиите и обвинителите, бидејќи е единствената институција што ја обезбедува потребната правна обука и што ја гарантира надградбата на професионалното знаење. Редовното присуство на релевантни обуки, обезбедени од Академијата за судии и јавни обвинители, мора да стане убедлив аспект на професионалното однесување за секој судија и обвинител во земјата. Затоа, квалитетот на обуките, обезбедени од Академијата, треба да се усогласат и понатаму да се развиваат. Академијата за судии и јавни обвинители е единствената влезна точка во судскиот систем во земјата. Затоа, сите млади правници, кои штотуку ги завршуваат своите универзитетски студии, како и сите други кандидати, кои можеби доаѓаат од други правни стручни области, како што се приватните адвокати, ќе треба да поминат интензивна почетна обука за да се запознаат со потребите и со подробностите на судството. Оваа обука треба да ги опфати сите релевантни области на секојдневната работа на судија/обвинител и ќе биде обезбедена не само од професионални обучувачи, туку особено од практичари од судскиот систем. Во случај на недостаток на локални правни практичари, поддршката ќе ја даваат меѓународни краткорочни експерти. Освен тоа, квалитетот на работата на активните судии и обвинители треба да е на што повисоко можно ниво. Затоа, од клучно значење е да се обезбеди програма за континуирана обука, која ги опфаќа сите релевантни области на секојдневната работа на судиите и обвинителите, со што ќе се земат предвид и новите, досега непознати предизвици и за судството (на пример, како да се постапува со случаите на реституција по завршувањето на системот на социјалистичка сопственост, алатки за ефикасна борба против корупцијата и организираниот криминал итн.).

Ваквата програма за обука треба да се ажурира барем на годишно ниво. Онаму каде што не можат да се најдат локални обучувачи, поддршка ќе даваат меѓународни експерти. Оваа обука ќе биде надополнета со компонентата 4, со нова обука за човечки ресурси во наставната програма за обука.

**<u>Програма на Европската унија/Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција – фаза II “</u>**

„Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“ е заедничка програма на Советот на Европа и на Европската Унија во чии рамки се обезбедува правна експертиза и совети за земјите од Западен Балкан во однос на обезбедувањето на

слободата на изразување, на правдата против економскиот криминал, дискриминацијата, против трговијата со луѓе.

Во март 2021 година како дел од активностите што се опфатени со оваа програма Академијата организираше петнеделен онлајн ХЕЛП-курс на тема „Превенција и борба против трговијата со луѓе“. Курсот се состоеше од 5 глави, а во секоја глава имаше по неколку модули (поттеми). Овој курс започна со вкупно 17 учесници, но успешно го завршија вкупно 12 од кои 4 судии, 4 јавни обвинители и 4 стручни судски соработници.

Во март, пред судиите и јавните обвинители беше презентирана правната анализа „Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки“.

Во април 2021 година беше организиран онлајн ХЕЛП-курс на тема „Борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите“.

Во рамките на оваа соработка, на 29 септември 2021 година се организираше обука за слободата на изразување на која учествуваа судии и јавни обвинители од сите инстанции.

**<u>Слободата на изразување и слободата на медиумите во Југоисточна Европа - JUFREX 2</u>**

JUFREX е заедничка програма финансирана од Советот на Европа и од Европската Унија, која ги идентификува специфичните потреби во областа на слободата на изразување во Југоисточна Европа. Оваа програма се реализира низ серија обуки посветени на слободата на изразување, чии целни групи се судиите и јавните обвинители, но исто така и новинарите и јавните медумски сервиси кои меѓусебно се поврзуваат преку заеднички сегменти од работењето, а се во насока и од значење за слободата на изразување и за човековите права во согласност со стандардите на Советот на Европа и ЕУ. Регионалната компонента на оваа програма е посветена на креирање можности за размена на најдобрите практики и за изнаоѓање заеднички решенија за слична проблематика.

Во првата половина на 2021 година, во рамките на оваа програма, Академијата и JUFREX ја реализираа првата каскадна обука за слободата на изразување.

Во септември 2021 година беше органзирана обука за слободата на изразување и за слободата на медиумите во Северна Македонија, и почетокот на онлајн курсот ХЕЛП, на која учествуваа вкупно 39 учесници од кои 34 судии и 5 јавни обвинители.

**Програмата ХЕЛП на Советот на Европа**

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со програмата ХЕЛП на Советот на Европа организираше воведен онлајн курс посветен на темата „Правда приспособена на потребите на децата и правата на децата“, кој содржеше 9 модули и курс посветен на биомедицината, на кои учествуваа слушателите на почетната обука во Академијата од седмата генерација.

На почетокот на декември во рамките на соработката со Советот на Европа беше организирана обука за член 5 од Европската конвенција за човекови права со која беа опфатени судиите и јавните обвинители од сите нивоа.

**iPROCEED-2**

Во рамките на регионалниот проект на Советот на Европа за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет (iPROCEED-2) беше организиран специјализиран курс на тема „Меѓународна соработка во истрагите и постапките за компјутерски криминал“.

Во ноември 2021 година тимот на националните обучувачи коишто го поминаа специјализираниот курс, реализираа и една онлајн обука на оваа тема намената за колегите – судии од кривичните оддели и јавни обвинители.

**АИРЕ центар и Регионална иницијатива за борба против корупција (РАИ)**

Во првата половина на 2021 година, во рамките на Регионален проект „Зајакнување на антикорупцијата во Југоисточна Европа преку подобрување на мерките за заплена на средства“, Академијата реализираше обука за *ефективна наплата на средства* (правни стандарди, предизвици и добра пракса) која беше наменета за судии и јавни обвинители кои постапуваат по предмети од оваа област.

**Европска мрежа за правосудна обука (EJTN)**

EJTN е главна платформа и промотер за обука и за размена на знаења од областа на европското правосудство. Таа ги застапува интересите на над 120.000 европски судии, обвинители и судски тренери низ цела Европа. Соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Европската мрежа за правосудна обука (EJTN) започна во 2007 година кога Академијата се стекна со статус на набљудувач.

Од тој момент до денес Академијата е вклучена во сите активности и програми на EJTN. Првите две години учеството на Академијата не предизвикуваше финансиски импликации, но потоа од страна на EJTN беше одлучено дека на ваков начин може да партиципраат само земјите членки на ЕУ. Сепак, тоа не беше пречка Академијата да биде активно вклучена во сите програми и на тој начин да им овозможи на судиите и на јавните обвинители да го надградуваат своето значење од областа на европската легислатива.

Во тековната 2021 година, имајќи ја предвид состојбата што настана како последица на пандемијата предизвикана од Ковид-19, сите активности се одржуваа онлајн. За да им бидат достапни овие обуки на националните правни професионалци Академијата редовно, на својата веб-страница ги објавуваше сите настани. Со тоа, се направи голем пробив кон искористување на платформата, а во насока на едукација на голем број правни професионалци од земјава.

На 6 и 7 мај 2021 година во организација на EJTN, а во соработка со DG JUST и со Центарот за правосудни студии на Португалија се реализираше конференција со наслов „Модернизација на правосудните системи на ЕУ преку јакнење на обуките за правните професионалци“. На конференцијата преку свои преставници учествуваа сите земји членки на EJTN како и земјите што имаат статус на набљудувачи, како што е Северна Македонија“.

На веб-страницата на Академијата беше објавен и повик за учество на студиски посети на Европскиот суд за човекови права, на Судот на правдата во Луксембург, на ЕУ Агенцијата за фундаментални права и на други ЕУ институции, што ги организираше EJTN, а беа достапни за нацоиналните судии и јавните обвинители. Тројца судии од Северна Македонија зедоа учество на овие студиски посети.

Програмата AIAKOS со години наназад предизвикува голем интерес, посебно кај слушателите на почетната обука на Академијата и тие редовно се дел од оваа програма. Имено, оваа програма претставува платформа за размена на идните судии и јавни обвинители, односно на слушателите на почетната обука и на новоизбраните судии и јавни обвинители, каде што истите имаат можност да усвојат нови знаења и да разменат искуства во однос на разликите во правосудните системи, да ја зајакната меѓусебната доверба и да ја подигнат свесноста за европската димензија во нивната работа. Програмата AIAKOS се одржува 4 пати во годината, поточно две седмици напролет и две седмици наесен. Во 2021 година вкупно 13 слушатели се пријавија да бидат дел од есенската сесија, на која домаќини беа Холандија и Романија. Поради состојбата со вирусот Ковид-19 програмата се реализираше преку онлајн платоформи.

## Европски институт за јавна администрација (EIPA)

Академијата повеќе од една деценија има успешна соработка со Европскиот институт за јавна администрација – EIPA, во чии рамки се реализирани низа едукативна настани на кои европски правни експерти ги споделуваат своите искуства со националните правни професионалци. Во таа насока, во тековната 2021 година Академијата и EIPA ги реализира следниве настани:

- Дигитализацијата на кривичната и граѓанска правда во ЕУ
- Дигитална кривична правда

На крајот на годината беа одржани уште два настани и тоа: на тема „Етичко лидерство во судската функција“ и на тема „Законот на ЕУ за заштита на животната средина“.

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Европскиот институт за јавна администрација EIPA, организираше дводневна обука на тема: „Законот на ЕУ за заштита на жоивотната средина“ која се одржа на 30 ноември и на 1 декември 2021 година преку платформата ЗООМ и со истата беа опфатени судии од кривични оддели, јавни обвинители и стучни соработници од сите апелациони подрачја.

## МИСИЈАТА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со ОБСЕ, а во рамките на проектот „Зајакнување на борбата против транснационалниот организиран криминал во Југоисточна Европа преку подобрена регионална соработка во заплената на средства, конфискацијата, управувањето и повторното користење“ на почетокот на годината организираа тридневна онлајн работилница на тема: „Меѓународна соработка и заемна правна помош при враќање на средства“. Работилницата беше наменета за судии од кривичните оддели и за јавни обвинители од сите апелациони подрачја. Во рамките на соработката помеѓу Мисијата на ОБСЕ и Академијата, во истиот период беше издаден и прирачник за правилна употреба на македонскиот јазик во судските и во јавнообвинителските документи при нивното формирање на македонски и англиски јазик и истите беа објавени на веб-страницата на Академијата. Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со Здружението за кривично право и криминологија и со Министерството за правда на РСМ организираше и онлајн промоција на „Анализата за употреба на напредни електронски алатки во судството“.

Во рамките на соработката со Одделот за човекова димензија при Мисијата на ОБСЕ беа изработени и реализирани два онлјан курса посветени на алатките за безбедност на интернет кои беа изготвени од страна на експерти што дејствуваат во оваа област. Со онлјан курсевите беа опфатени судии и јавни обвинители и кандидатите од почетната обука.

Во јуни 2021 година беше реализирана и тридневна обука за компјутерски криминал и дигитални докази со која беа опфатени слушателите од почетната обука на Академијата, а истата беше спроведена од страна на експерт во оваа област од Обединетото кралство. По завршувањето на обуката слушателите добија и сертификати за учество.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со Организацијата за безбедност и соработка на Европа – Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше онлајн советување на тема: „Извршување на пресуди на Европскиот суд за човекови права“ која се одржи на 15 и 16 декември 2021 година, преку платформата ZOOM . Обуката беше наманета за судии и за јавни обвинители од сите апелациони подрачја.

**DCAF**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка со DCAF – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, во рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија организираше интерактивна практична онлајн работилница на тема „Спроведување на мерките за следење на комуникациите“. Во рамките на соработката, на платформата ЛМС на Академијата беше објавен и курс за „Спроведување на мерките за следење на комуникациите“ составен од следниве модули:

- Меѓународни принципи и стандарди за примена на мерките за следење на комуникациите
- Спроведување на мерките за следење на комуникациите за целите на кривичната постапка
- Контрола и надзор над примената на мерките за следење на комуникациите.

Во првата половина на 2021 година, Академијата во соработка со DCAF организира две интерактивни практични онлајн работилници на тема „Спроведување на мерките за следење на комуникациите“ и една работилница на

тема „Допуштеност на (контра)разузнавачките информации како докази во судовите“.

Во октомври беше реализирана првата работилница од серијата на петте работилници во склоп на обуката за обучувачи во рамките на Програмата.

Во ноември 2021 година беше потпишан договор за соработка помеѓу Академијата и DACF за партнерство во спроведувањето на програмата за реформи во разузнавачкиот и во безбедносниот сектор во Северна Македонија.




Договорот го потпишаа директорката на Академијата проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска и директорот на DCAF амбасадорот Томас Гурбер. Во овој Договор се опфатени низа заеднички активности во насока на јакнење на капацитетите и на експертизата на Академијата во спроведувањето и организирањето обуки за одборување на посебните истражни мерки од страна на судиите, но истовремено дел од активностите ќе ги опфатат и јавните обвинители како и слушателите на почетната обука на Академијата.

## Германска фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка, и со финансиска поддршка на Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) организира онлајн советувања на тема „Медијација – фази и видови“ и „Меѓународно правен аспект на борба против корупцијата“.

## Хелсиншки комитет за човекови права

Во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во соработка, и со финансиска поддршка на Хелсиншкиот комитет за човекови права беа организирани две интерактивни практични онлајн обуки на тема: „Превентивни правни механизми за заштита од говорот на омраза во македонскиот правен систем“, кои беа дел од активносите предвидени за 2020 година.

**УНОПС – Нордиска поддршка за напредокот на Северна Македонија**

Во рамките на Нордиската помош за Република Северна Македонија заедно со поддршка на УНОПС започна проектот за „Поддршка за јакнење на капацитетите за примена на Законот за меѓународна сорабтока во кривична материја“, кој се реализираше од јули до септември 2021 година.

Активностите во рамките на овој Проект беа реализирани во заедничка соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, со Јавното обвинителство и со Секторот за МПП при МП, при што беа органиизрани работни средби во насока на градење на капацитетите за меѓународна соработка во кривичните прашања, сè со цел да се обезбеди експертиза на Академијата за судии и јавни обвинители и на Министерството за правда за примена на Законот за меѓународна соработка во кривични предмети, како и за реализирање обуки за зајакнување на капацитетите на Министерството за правда, на обвинителите, на судиите и на слушателите на почетната обука.

Националниот експерт кој беше ангажиран за реализација на активностите за оваа Проектна задача, во јули реализираше предавање за слушателите во почетната обука на Академијата на тема „Законот за меѓународна соработка во кривични предмети“.

СВЕТСКА БАНКА

Во соработка со Меѓународната финансиска корпорација – групацијата на Светска банка, Академијата реализираше обука посветена на процената на стечајот, на кој покрај судиите од трговските оддели учествуваа и стечајните управници. Исто така беше реализирана и обука посветена на темата „Правен третман на доверители во стечајна постапка“, во чија организација беше вклучена и Комората на стечајни управници. Во рамките на Проектот на Меѓународната финансиска корпорација – групација на Светска банка „Решавање на долгови и деловен излез во Република Северна Македонија“, на 15 декември 2021 година беше реализирана е-работилница на тема „Улогата на органите на управување на друштвата, стечајните управници и стечајните судии во решавањето на финансиските тешкотии во согласност со предлог-законот за инсолвентност“ и „Рани знаци на предупредување за инсолвентност на друштвата – најдобри практики во различни земји“ и истата ги

опфати граѓанските судии, посебно судиите што постапуваат по предмети поврзани со стечај.

## АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА

Во однос реализацијата на своите активности, Академијата за судии и јавни обвинители во континуитет има поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија.

Како резултат на тоа во август 2021 година Академијата беше домаќин на претставниците на Центарот за правосудна обука на Кралството Холандија, г-а Anne Taћaparу, менаџерка за обуки и за меѓународни активности и г. Tonnie Hulman, проектен менаџер. Тие се запознаа со организацијата и со структурата на Академијата, а преку одржаните состаноци со претседателот на Кривичниот суд во Скопје, и со заменик-претседателот на Граѓанскиот суд во Скопје подетално се запознаа и со правосудниот систем на Северна Македонија. За нив, од посебна важност беа и состаноците што ги одржаа со вработените од Академијата, со судиите и со јавните обвинители кои веќе ги практицираат своите функции, а се од редот на Академијата, бидејќи на тој начин се добива поцелосна слика за работата на Академијата. Сето ова водеше кон дефинарање на идни заеднички активности со кои ќе се унапреди работата на Академијата, а со тоа и ефикасноста на правосудниот систем. Поддршката за реализација на овие активности дојде и од Амбасадата на Кралството Холандија, а поголемиот дел од овие активности ќе се однесуваат на подобрување на квалитетот на програмите за почетна обука како и за поуспешна реализација на обуките во рамките на континураната обука. Во средината на август, претставници од Центарот за правосудна обука на Кралството Холандија, г-а Anna Taћaparу, менаџерка за обуки и за меѓународни активности и г. Tonnie Hulman, проектен менаџер остварија работна посета на Акдемијата и на двата најголеми основни суда во Македонија. Со директорката на Академијата ги разгледаа можностите за унапредување на методолигијата и на техниките за спроведување на обуките во почетната и во континураната обука, додека со претседателот на Кривичниот суд и со заменик-претседателот на Граѓанскиот суд во Скопје покрај темата посветена на Академијата и на односот што го има таа со судовите во Северна Македонија, разговараа и за траспарентноста на судството. Како дел од овие средби беше иницирана и реализација на првата тркалезна маса што се реализираше на 1 ноември 2021 година во просториите на Академијата. Нејзината реализација беше во рамките на соработката на Академијата со Судско-медиумскиот совет и со Центарот за правосудна обука на Кралството Холандија и на истата покрај претставници од Судско-медиумскиот совет, присуствуваа и судиите – членови на овој Совет како и лицата што се задолжени за односите со јавност од Јавното обвинителство на Северна Македонија и од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и судии експерти од

Кралството Холандија, претставници на Центарот за правосудна обука и студии на Холандија и на Хелсиншкиот комитет на Кралството Холандија.

## АМБАСАДА НА ТУРЦИЈА

Академијата за судии и јавни обвинители има традиционална соработката со Амбасадата на Турција во Северна Македонија која започна уште во 2011 година во чии рамки се одржува и развива успешната соработка и со Правосудната академијата на Турција. На 24 ноември 2021 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, директорката на Академијата, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска и директорот на правосудната Академија на Република Турција, Мухитин Оздемир, потпишаа нов меморандум за соработка. Со новиот меморандум за соработка се потврдуваат заложбите на двете институции за унапредување на ефикасноста на правосудните систем во двете земји преку спроведување обуки за судиите и за јавните обвинители, со размена на искуства и со реализација на студиски посети кои во минатото се покажаа како успешни концепти за зајакнување на капацитетите на двете академии.




## <u>КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ</u>

Состојбата со светската здравствена пандемија, во фокусот на сите деловни субјетки ги стави унапредувањето и управувањето со компјутерските системи како најзначјани предуслови за нормално деловно функционирање и за извршување на професионалните ангажмани. Во таа насока, во 2021 година,

Академијата за судии и јавни обвинители започна со надградба на постојниот систем за управување со содржини (CMS) со два нови модули:

1. Судска база на податоци на Европскиот суд за човекови права на македонски јазик
2. Библиотека за вкрстено поврзување на статии од националното законодавство

За таа цел се предвидува пренос и интегрирање на старите податоци од постојниот CMS на нов, и развивање на модулот за базата на податоци на судската пракса на Европскиот суд за човекови права на македонски јазик (развој на модул за вкрстено поврзување на написи од националното законодавство). Базата на податоци на судска пракса на Европски суд за човекови права на македонски јазик треба да содржи список (внесен од страна на вработените од Академијата за судии и јавни обвинители) со најновите пресуди од Европски суд за човекови права, кој ќе може да се пребарува и ќе има опција за филтрирање на резултатите од пребарувањето. За секоја пресуда ќе има опција за преземање во PDF-формат преведен на македонски јазик и линк до пресудата на веб-страницата на Европскиот суд за човекови права. Модулот за вкрстено поврзување на статии од националното законодавство со написи и со стандарди на меѓународни инструменти за човекови права (е-библиотека), ќе содржи список (внесен од страна на вработените од Академијата за судии и јавни обвинители) на написи од системот за заштита на човековите права преку Европскиот суд за човекови права и од системот за заштита на човековите права во рамките на Обединетите нации.

Академијата набав и ИТ опрема и софтвер за самостојна обработка на податоци добиени од тестовите (отпечатени во специјално креирани обрасци) кои ќе ги пополнуваат кандидатите, при полагање на писмените испити, како и нова опрема за видеокомуникација и аудиокомуникација преку платформите што овозможуваат онлајн следење на настава, вебинари, конференции, работилници, и други видови состаноци.

## БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Академијата за судии и јавни обвинители има голема улога во унапредувањето на знаењата на идните судии и јавни обвинители, но и во усовршувањето на знаењата на судиите и јавните обвинители, како и на судската и јавнообвинителската администрација. Во таа смисла, продолжува трендот на континуирано збогатување на библиотечниот фонд со законски текстови, со домашна и странска правна литература и со стручни списанија, со што Академијата на своите корисници им нуди широк спектар правни текстови, како и линкови на

бази на податоци што ги објавува на веб-страницата. Една од позначајните донации во 2021 година е донацијата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје која на библиотеката на Академијата ѝ донираше 264 публикации од правна област.




**<u>Е- библиотека</u>**

Развојот на информатичкото општество наложува и изнаоѓање на модерни и софистицирани решенија што им нудат на корисниците полесен начин на пребарување и побрз пристап до информациите. За таа цел, во рамките на соработката со Советот на Европа, Академијата креираше единствен унифициран систем, т.е. е-библотека кој ќе овозможи пребарување на пресуди од базата на библиотеката, каде ќе се најдат правосилни пресуди од сите судови, воедно тука ќе се најдат и пресудите од Уставниот суд, како и мислењата на Врховниот суд. Воедно, е-библиотеката ќе содржи и публикации што се резултат на соработката помеѓу Академијата и странските партнери, потоа билтени, како и релеванти документи од интерес за правните практичари, како на пример мислењата и заклучоците што произлегуваат од работните средби на апелационите судови за усогласување на судската пракса во нашата земја.

## <u>БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ</u>

За 2021 година на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 71.300.000,00 денари.

Заради недостаток на средства за реализирање на преземените обврски, Академијата со пренамена на веќе одобрените средства обезбеди средства за оние ставки каде што се појавуваше голем недостаток и голем обем од обврски што требаше да се реализираат.

Од почетокот на 2021 година, а заклучно со 31 декември 2021 година, Академијата има реализирано 69.482.626,00 денари.

Реализацијата на буџетот за 2021 година за Академијата за судии и јавни обвинители изнесува 98,35 % и тоа:

| Категор. | Буџет 2021 | Измени и дполнувања на буџет | Конечен буџет 2021 | Реализација | %Реализ/ буџет 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 37.000.000 | -2.340.000 | 34.660.000 | 33.961.233 | 98,00 |
| 402 | 14.500.000 | -1.023.000 | 13.477.000 | 13.174.274 | 97,75 |
| 404 | | +900.000 | 900.000 | 738.000 | 82,00 |
| 420 | 500.000 | | 500.000 | 499.959 | 99,99 |
| 421 | 2.000.000 | -160.000 | 1.840.000,00 | 1.840.000 | 100,00 |
| 423 | 1.500.000 | -540.000 | 960.000 | 959.934 | 99,99 |
| 424 | 800.000 | -160.000 | 640.000 | 640.000 | 100,00 |
| 425 | 13.000.000 | +3.523.000 | 16.523.000 | 16.521.810 | 99,99 |
| 426 | 1.000.000 | -200.000 | 800.000 | 800.000 | 100,00 |
| 480 | 1.000.000 | -650.000 | 350.000 | 347.616 | 99,32 |
| Вкупно | 71.300.000 | | 70.650.000 | 69.482.626 | 98,35 |

## Јавни набавки

Во текот на извештајниот период од вкупно предвидените **26** јавни набавки за 2021 година, Академијата реализираше **16** постапки, од коишто сите беа постапки за јавни набавки од мала вредност.

Во прилог е табелата со планираните и реализираните јавни набавки во согласност со планот за јавни набавки:

| | Предмет на јавната набавка | Проценета вредност на јавната набавка во Годишен план за јавни набавки | Тип на јавната набавка |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Гориво за моторни возила<br><br>**Склучен договор во декември 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 2. | Хигиенски средства<br><br>**Склучен договор во декември 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 3. | Пијалаци и засладувачи<br><br>**Склучен договор во март 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 4. | Канцелариски материјали<br><br>**Склучен договор во декември 2021 година** | 500.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 5. | Минерална вода за семинари<br><br>**Склучен договор во ноември 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 6. | Лиценци за антивирус<br><br>**Склучен договор во јуни 2021 година** | 100.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 7. | Тонери<br><br>**Склучен договор во април 2021** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 8. | Набавка на преносни компјутери (лаптопи) | 500.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 9. | Набавка на софтверско решение за почетна обука и за спроведување испити | 600.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 10. | Кетеринг-услуги<br><br>**Склучен договор во** | 500.000,00 | Набавка од мала вредност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **декември 2021 година** | | |
| 11. | Резервација и набавка на авиобилети | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 12. | Хотелско сместување | 500.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 13. | Копирање материјали<br>**Склучен договор во март 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 14. | Издавачки и печатарски услуги<br>**Склучен договор во декември 2021 година** | 400.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 15. | Одржување хигиена и техничко одржување<br>**Склучен договор во март 2021 година – раскинат во јули 2021 година** | 600.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 16. | Писмен превод<br>**Склучен договор во мај 2021 година** | 400.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 17. | Устен (симултан и консекутивен) превод<br>**Склучен договор во декември 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 18. | Поправки и одржување на компјутери и компјутерска опрема | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 19. | Изнајмување опрема за превод | 400.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 20. | Архитектонски услуги | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 21. | Здравствени прегледи на вработени и кандидати во почетна обука | 250.000,00 | Набавка од мала вредност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Склучен договор април 2021 година** | | |
| 22. | Обуки за безбедност и здравје при работа и издавање сертификати<br><br>**Склучен договор април 2021 година** | 300.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 23. | Интернет-услуги | 250.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 24. | Дистрибуција на електрична енергија<br><br>Распишана јавна набавја во декември 2021 година. | 1.000.000,00 | Отворена постапка |
| 25. | Патен транспорт на лица<br><br>**Склучен договор август 2021 година** | 450.000,00 | Набавка од мала вредност |
| 26. | Набавка на психолошки тестови за приемен испит | 1.500.000,00 | Постапка со преговарање без објавување оглас |

## СТАТИСТИКИ

Академијата редовно ја ажурира и базата на податоци за судиите и јавни обвинители. Имено, редовно ги внесува сите настанати промени во нивниот моментален статус, како на пример: избор, пензионирање, разрешување, флукутација од еден во друг суд или од едно во друго јавно обвинителство, унапредување и материја во која што постапува, затоа што Академијата од оваа база, преку разни статистики ги црпи сите параметри врз кои ги планира обуките по области за постојано стручно усовршување, во согласност со целните групи, притоа нудејќи доволен број обуки за да им овозможи на сите групи да го исполнат задолжителниот број часови за тековната година. Со ваквиот начин на водење на детални статистики се олеснува работата при планирањето на деталните календари со што се придонесува за рационално трошење на финасиските средства, бидејќи овие статистики нудат прецизни податци за бројот на обуки кои треба да бидат спроведени, за секоја целна група, во согласност со материјата на којашто работат.

## ЕВАЛУАЦИЈА

Заради согледување на резултатите и ефектот од обуките, Академијата во континуитет спроведува евалуација на почетната и на континуираната обука, на предавачите и менторите.

Настојувајќи да ги примени меѓународните стандарди за обука што наметнуваат водење разни анализи, статистики и евиденции, Академијата всушност цели кон утврдување на ефектите од обуката на краткорочни, среднорочни и долгорочни патеки.

Во почетната обука се спроведе евалуација на теоретската и практичната обука на кандидатите на почетната обука, а тие извршија евалуација и на едукаторите и на менторите ангажирани во обуката. Целта на оваа евалуација се реализира преку анализа на: забелешките, сугестиите и предлозите на кандидатите, едукаторите и менторите, како и на стручната служба на Академијата, за да се подобри организацијата на наставата, да се унапредат наставните содржини, техники и наставни материјали.

Евалуацијата во рамките на континуираната обука на судиите и јавните обвинители, на стручните служби во судството и обвинителството, како и на судиите поротници, перманентно се спроведува преку пополнувањето на прашалници на крајот на секоја обука. Преку прашалниците учесниците даваат општа оценка за обуката, за предавачите, за материјалите за обуката и за успешноста на програмата, а можат да дадат и свои предлози и коментари во делот наменет за таа цел. Оценките на затворените прашања се даваат на скала од 1 до 6, каде 1 е најмала оценка и изразува целосно незадоволство, а 6 е највисока и изразува целосно задоволство.

Во делот за општа оцена на обуката учесниците можат да ги оценат односот меѓу теоретскиот и практичниот дел, времето предвидено за дискусија и корисноста од обуката.

Кај оцената за предавачите учесниците ги оценуваат подготвениот материјал, јасноста на излагањето, користената методологија, интеракцијата со учесниците при одговарање на поставените прашања.

Во однос на материјалите ја оценуваат навременоста на нивното доставување, а успешноста ја оценуваат преку задоволството од организацијата на обуката.

Во табелата е прикажан процентот добиен од сите прашања, за секој дел одделно кои се одговорени со највисока оценка, односно 6. Процентот е прикажан одделно за обуките што се наменети за судиите и за јавните обвинители, за стручната служба и за судиите поротници, а сумарниот процент од овие оценки го претставува процентот за сите обуки заедно.

| | **Општа оценка** | **Оценка за** | **Оценка за материјалите** | **Оценка за успешноста** |
|---|---|---|---|---|

| | за обуката | предавачите | за обука | на програмата |
|---|---|---|---|---|
| Судии и јавни обвинители | 70,95 % | 81,04 % | 76,24 % | 83,54 % |
| Стручна служба | 77,10 % | 80,69 % | 88,94 % | 83,87 % |
| Судии поротници | 79,59 % | 87,26 % | 88,94 % | 93,04 % |
| | **75,88 %** | **82,99 %** | **84,70 %** | **86,82 %** |

**Процентуален приказ на прашања одговорени со оценка 6**

И оваа година, графичкиот приказ укажува на висок процент на задоволство од обуките. Заложба на Академијата е да го задржи високото ниво на задоволство, а секаде каде што има простор, да го подобри. Дадените предлози и коментари се сумираат во посебен документ, кој го разгледува раководството на Академијата и дава насоки за постапување, заради излегување во пресрет на барањата на целните групи за подобрување на обуките.

Прашалниците од обуките за судиите и јавните обвинители ги одговориле 52,26% од учесниците, од обуките за стручните служби ги одговориле 54,62% од учесниците, додека најголем процент ги одговориле судиите поротници, 60,77%.




Обуки за судии и јавни обвинители




Обуки за стручна служба




Обуки за судии поротници

Оценка на обуката може да дадат и предавачите што ја спровеле обуката, во извештајот кој задолжително го пополнуваат по завршување на истата. Нивните сугестии, забелешки, како и предлог-теми за идните обуки исто така се сумираат, а документот, исто го разгледува раководството, и по него постапува онаму каде што има простор за тоа.

Оценките од прашалниците што се однесуваат за предавачите ангажирани во тековната година, се сумираат за секој предавач поединечно.

Во текот на 2021 година, Академијата реализираше 96,17% од Каталогот на обуки, а одложени беа 3,83% од предвидените настани. Високиот процент останува императив на Академијата и за следната година.

Од реализираните обуки 45,79% се во самостојна организација на Академијата, а 54,21% се организирани во соработка со домашни и странски институции или проекти.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Јавноста во работењето на Академијата се остварува преку редовното информирање за активностите, и тоа со поставување објави на интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, со објавување информации на огласната табла, но и со објавување на усвоените акти во „Службен весник на Република Северна Македонија“. За да се овозможат што повеќе достапни информации за јавноста и што полесен пристап до сите релевантни документи што ја рефлектираат работата на Академијата, сите нејзини корисници, особено во текот на спроведувањето на јавниот оглас за VIII генерација слушатели во почетната обука, беа упатувани да ја користат опцијата „често поставувани прашања“, преку која сите можат да поставуваат прашања што се поврзани со делокругот на Академијата и да добијат соодветен одговор. Исто така, заради транспарентно и навремено информирање на сите пријавени кандидати на јавниот оглас за прием на VIII генерација слушатели во почетната обука, Академијата на веб-страницата креираше посебен дел што се однесува на тековниот приемен испит за кандидатите на VIII генерација слушатели, каде што се објавуваат сите известувања, распоредите за

полагање, резултатите од тестирањата, и сите останати новости што се поврзани со тековниот оглас за прием на 97 слушатели во Академијата. Во тој контекст, а во насока на доследна примена на националното законодавство на Република Северна Македонија, особено на почитување на глава 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пред почетокот на приемниот испит за VIII генерација слушатели, од страна на директорката на Академијата до сите лица што учествувале, учествуваат или што на кој било начин се вклучени во постапката за приемен испит на Академијата, беше доставено укажување за судир на интереси. Укажувањето беше доставено и до системот за електронско тесирање кој е одговорен за спроведување на испитите, како и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како Договорен орган кој во име, и за сметка на сите институции што спроведуваат електронски испити е задолжен да ги координира активностите помеѓу системот за електронско тестирање и институциите корисници.

Академија за судии и јавни обвинители
Претседател на Управниот одбор,
д-р Лазар Нанев

**ЛОГО 15 ГОДИНИ**

**Додаток кон годишниот извештај за работата на Академијата за судии и јавни обвинители за 2021 година**




## Севечено одбележани 15 години на посветената работа на Академијата и на спроведувањето обуки за првосудството

**Регионална конференција**

Во насока на одбележувањето на 15 -годишнината од своето постоење, Академијата за судии и јавни обвинители преку организација на два исклучително значајни настани оддаде признание на сите што беа дел од равојот на институцијата.

Организацијата на овие два настани со високо ниво беше финансиски поддржана од долгогодишните партнери на Академијата: Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ГИЗ и УНХЦР.

Имено, првиот настан беше одбележан со реализација на Регионалната конференција со наслов „Понатамошни едукативни приоритети, цели и предизвици на правосудните академии“ што се одржа на 26 ноември 2021 година, во хотел DoubleTree by Hilton, на која присуствуваа претставниците на институциите за правосудна обука од регионот, од ЕНМ Франција, од ЕИПА Луксембруг, од ЕРА Германија, како и претставници на Советот на Европа, на Програмата ХЕЛП при Советот на Европа и претставници на АИРЕ-центарот од Лондон.




Оваа регионална конференција ја постигна својата цел и ги собра преставниците од разни институции за правосудна обука за да се анализираат сегашните состојби во областа на спроведувањето обуки за правосудството, но истовремено и да се разменат искуства и да се дадат конкретни сугестии и идеи за натамошните перспективи и за развојот на едукацијата во правосудството.

Бројни се позитивните реакции и упатените честитки до Академијата за успешно реализираниот настан од страна на учесниците и истите претставуваат силна поддршка и мотивација за идните развојни цели и стратегии на Академијата.

Академијата јавно им се заблагодари на сите што пристигнаа во Скопје и што ги споделија своите искуства во однос на гредењето и развивањето на правосудните инститиции во регионот.









Истовремено присуството на високите претставници на DG JUSTICE EU, European institute for public administration (EIPA) Luxemburg, European Judicial Network (EJTN), Council of Europe, École nationale de la magistrature (ENM) France, AIRE Center London и нивните излагања го потврдија големиот углед што го има Академијата на меѓународно поле.






**Wojciech Postulski, EU DG JUST** **Markus Brückner, EJTN Secretary General**







Peter Goldschmidt, Director, EIPA's Centre Luxemburg

Jean-Philippe Rageade, Director of ERA, Germany






Biljana Braithwaite, Western Balkans Programme Director, AIRE Centre

Frédérique Dubost, Liaison Magistrate in South-Eastern Europe, ENM, France







Lejla Dervishagic, Head of Operation, COE Programme Office, Skopje

Ana MEDARSKA-LAZOVA, Deputy Head of HELP Unit, (DGI), Council of Europe



Slobodan Šaric, Project manager/Country coordinator,
Legal Reform, GIZ




**<u>Свечен настан</u>**

На 1 декември 2021 година, со свечен прием и со многубројни гости од правосудството, од Владата, од дипломатскиот кор, од домашни и меѓународни институции и невладини организации, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ ја одбележа 15-годишнината од основањето на оваа институција.

Академијата е основана во 2006 година и во изминатите 15 години се етаблираше како една од најзначајните алки на правосудниот систем во Северна Македонија, создавајќи кадри кои придонесуваат за унапредување на реформските евроинтегративни процеси во земјата, за јакнење на третиот столб на власта и за вградување на основните принципи на владеење на правото и човековите права.

Академијата со основањето воведе нов концепт на независна селекција за прием и задолжителна обука на идните судии и обвинители, но и задолжителна

натамошна континуирана обука на овие кадри. *„Нашата држава се наоѓа во фаза на прогресивен демократски развој кога судството треба да обезбеди баланс помеѓу легитимитетот, независноста и отчетноста и да ја заслужи почитта и довербата на јавноста во правосудниот систем, а секако дека Академијата игра една од клучните улоги во постигнувањето на таа рамнотежа. Треба да ги направиме сите институционални усилби за да успееме да стигнеме до таа цел бидејќи позитивната промена е крајниот резултат на секоја вистинска едукација. И понатаму да ги негуваме и градиме нашите државни институции, да го славиме прогресот, искуството, младоста и иднината“.*




Поддршката на Академијата што беше пренесена преку говорите на високите претставници на владата и правосудството, меѓу кои и претседателот на Северна Македонија, проф. д-р Стево Пендаровски е важен сигнал за правецот кон кој се движи Академијата.


















Пораките што ги испратија амбасадорите на ЕУ, САД, Германија, Франција, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и претставничката на УНХЦР во Скопје беа во насока на целосна поддршка на Академијата, а со тоа и на правосудниот систем на Северна Македонија.

На свечениот настан присуствува и амбасадоротите на Турција и Холандија во Северна Македонија.


















Во рамките на свечениот настан беше пуштено и видео, посебно изготвено за овој настан кое во 10 минути ги сублимираше почетоците и развојот на „Академијата за судии и јавни обвинители“ преку обраќањата на дел од луѓето кои се вклучени во основањето на оваа институција.

Истовремено Академијата изготви и монографија која преставува краток пишан запис за опусот на позначајните активности што таа ги реализираше во изминатите 15 години.

Видео: https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/15-godini-akademija-za-sudii-i-javni-obviniteli.mp4

Монографија: https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/monografija-15-godini-akademija-za-sudii-i-javni-obviniteli.pdf